# ПРЕДГОВОР НА УРЕДНИКОТ

Почитувани читатели,

Списанието „Безбедносни дијалози“ кое егзистира две години, полека но сигурно преминува во една понапредна фаза од своето опстојување. Ваквата констатација произлегува од следните неколку аргументи. Во меѓувреме, од овој петти број уредувачката палка ја преземаат проф. д-р Тони Милески како главен и одговорен уредник и проф. д-р Митко Котовчевски како заменик уредник на списанието. Воедно, ја користам оваа можност да им изразам благодарност на претхоните уредници, проф. д-р Билјана Ванковска и проф. д-р Оливер Бакрески за пионерските чекори и зародишот на ова научно списание на Институот за безбедност, одбрана и мир. Исто така, во краток временски период изработен е веб сајт на списанието (http://sd.fzf.ukim.edu.mk). Сајтот овозможи архивирање на досегашните броеви од „Безбедносни дијалози“ и понуди прегледни можности на потенцијалните автори за правовремено информирање околу сите постапки кои се однесуваат на поднесување на научните трудови. Читателите ширум светот можат слободно да ги прочитаат сите содржини на списанието со оглед на фактот што истото е категоризирано како списание со отворен пристап (open access). Слободниот пристап е поддржан и преку лиценцата - creative commons attributions. Оваа лиценца претставува одредена рамнотежа во рамките на традиционалното „all rights reserved“ за авторски права. Алатките на оваа лиценца на секој индивидуален креатор, компанија или поголема институција овозможуваат стандардизиран начин на доделување авторски права и дозвола за користење на нивната креативна работа. За брзо време списанието ќе премине на Open Journal System платформа која ќе овозможи негова уште поголема промоција. Оваа платформа ќе го стандардизира и забрза начинот на аплицирање, едитирање и рецензирање на трудовите во самото списание.

Во период од шест месеци, сите трудови од „Безбендосни дијалози“ се индексирани во престижната база на податоци Index Copernicus, како и во две електронски универзитетски библиотеки во Хамбург и во Регензбург – Германија. Исто така, првата фаза од регистрацијата во EBSCO е успешно помината што дава реални шанси наскоро списанието да биде приклучено и во

таа база на електронски списанија. Од ERIC (Education Resources Information Center) дигиталната библиотека, е добиен повратен одговор дека единствено трудовите објавени на англиски јазик ќе бидат земени предвид за индексирање во нивната електронска база. Оттука, произлегува и препораката до сите автори кои имаат желба да објвуваат научни трудови истите да ги поднесуваат на англиски јазик првенствено заради можноста за индексирање во повеќе дигитални бази на податоци. Од друга страна, на тој начин авторите ќе се самопромовираат на поширока читателска публика и ќе придонесат за популаризација на списнието.

Во петтиот број од списанието „Безбедносни дијалози" читателите ќе можат да прочитаат интересни содржини. Како оригиналните научни трудови се класификувани од страна на рецензентите и редакцијата трудовите за обликувањето на системот за кризен менаџмент во Република Словенија и трудот за енергетскиот дискурс во рамките на НАТО. Следуваат прегледните научни трудови кои се однесуваат на демократијата, човековите права и етничките конфликти во рамките на процесите на глобализација и европска интеграција, потоа трудот кој се однесува на поделената историја во постконфликтните општества – случајот Македонија. Следи трудот за влијанието на интеркултурните фактори врз донесување одлуки за азил во Република Македонија. Двата прегледни научни труда кои следуваат ги објаснуваат глобалните геополитички импликации врз светот како резултат на негативното влијание од климатските промени и влијанието на глобализацијата врз еколошката безбедност на Македонија. На крај се поместени приказите за разузнавачко-безбедносната заедница на Балтичките држави, безбедносниот регионализам низ призмата на концептите за безбедносен комплекс и безбедносна заедница и трудот кој одговара на прашањето дали постои контрола над меѓународните мировни операции под водство на САД. Во петтиот број на „Безбедносни дијалози" ќе имате можност да го прочитате и интервјуто со заминик министерот за одбрана, г-дин Емил Димитриев, поврзано со состојбите во одбраната и Армијата на Република Македонија во изминатите 20 години.

Со почит,

Проф. д-р Тони Милески

Главен и одговорен уредник

# EDITOR'S NOTE

Dear readers,

The "Security Dialogues" Journal, which has been published for two years, is slowly moving into a more advanced stage of its existence. Such a statement has derived from the following arguments. In the meantime, in this fifth issue the editing post has been taken over by Prof. Toni Mileski, PhD, as the Main Editor, and Prof. Mitko Kotovchevski, PhD, as the Executive Editor of the Journal. At the same time, I use this opportunity to express my gratitude to the previous Editors, Prof. Biljana Vankovska, PhD, and Prof. Oliver Bakreski, PhD, for the pioneering steps and the foundation of this scientific journal at the Institute for Security, Defence and Peace. In addition, the web site for the Journal was created in such a short amount of time (http://sd.fzf.ukim.edu.mk/). The web site enables archiving of the previous issues of "Security Dialogues" and offers concise opportunities for potential authors of being duly informed about all the steps that refer to submitting scientific works. Readers from over the world can freely access the whole content of the Journal taking into consideration the fact that it is categorized as an open access Journal. This open access is supported by the license - creative commons attributions. This license represents a certain balance in the framework of the traditional "all rights reserved" for copyright. The tools for this license enable any individual creator, company or larger institution, a standardized way of assigning copyright and the permission to use their creative work. It is not long from now when the Journal will move to an Open Journal System platform, which will enable its even greater promotion. This platform will standardize and accelerate the way of applying, editing and reviewing the works in the Journal itself.

In a period of six months, all the works in "Security Dialogues" have been indexed in the prestigious Index Copernicus database, as well as in two electronic University libraries in Hamburg and Regensburg - Germany. In addition, the first stage of the EBSCO registration is successfully finished, thus giving a chance for the Journal to soon be included in that base of electronic journals as well. ERIC (Education Resources Information Center) has given a positive reply to the fact that only the works published in English will be taken into consideration for being

indexed in their database. Hence the recommendation to all the authors who wish to publish scientific works, to submit them in English, primarily because of the opportunity to be indexed in more digital databases. This way authors will also promote themselves to the wide readership and will contribute to the popularization of the Journal.

In the fifth issue of the "Security Dialogues" Journal, the readers will have the chance to read interesting content. The reviewers and editorial board have classified the article about the shaping of the crisis management system in the Republic of Slovenia, and the article about the energy discourse in the framework of NATO, as original scientific works. Then come the concise scientific works that refer to democracy, human rights and ethnic conflicts in the framework of the processes of globalization and European integration, followed by the article that refers to the divided history of the post conflict societies - the case of Macedonia. Afterwards comes the work about the influence of the intercultural factors on bringing decisions about asylum in the Republic of Macedonia. The two scientific works that follow explain the global geopolitical implications on the world as a result of the negative influence of the climate changes and the influence of globalization on the ecological security of Macedonia. At the end are the reviews of the security intelligence community of the Baltic countries, the security regionalism through the prism of the concepts of a security complex and a security community, and the work that answers the question whether there is control over the international peace operations under the leadership of the USA. In this fifth issue of "Security Dialogues" you will have the opportunity to read the interview with the Deputy Minister of Defence, Mr. Emil Dimitriev, connected to the state of the defence and the Army of the Republic of Macedonia in the past 20 years.

Yours faithfully,

Toni Mileski, PhD
Editor in Chief